РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОСНОВЕН СУД КИЧЕВО
СУ01бр.4/2024
23.01.2024 година
К и ч е в о

# И З В Е Ш Т А Ј

## ЗА РАБОТА НА ОСНОВНИОТ СУД КИЧЕВО

## ЗА 2023 ГОДИНА

**КИЧЕВО ЈАНУАРИ 2024 ГОДИНА**

# ОСНОВЕН СУД КИЧЕВО

## ВОВЕД

ОСНОВНИОТ СУД ВО КИЧЕВО како самостоен и независен државен орган во рамките на судскиот систем и во 2023 година ја вршеше својата судска функција врз основа на Уставот, Законите и Меѓународните договори, ја обезбедуваше примената на правото, заштитата на човековите слободи и права во рамките на својата основна надлежност како суд со проширена надлежност.

Со презентацијата на овој Годишен извештај, се остварува принципот на транспарентност во извршување на неговите функции, заради информирање на јавноста за сите аспекти на функционирањето на судот како битен сегмент на судската власт, како би се зголемила правната сигурност и довербата во правосудниот систем на Република Македонија .

Согласно основната надлежност во извештајната 2023 година за работата на Основниот суд во Кичево во овој извештај ке бидат дадени податоци за обемот за работата на судот за 2023 година, ажурноста во работењето на судот, квалитетот за работата на судот.

Овој извештај е правен врз основа на податоците добиени од АКМИС системот.

## ОБЕМ НА РАБОТА

Обемот на работа во судот ги опфака предметите за работа од целокупната стварна надлежност на судот прикажани преку сумарниот преглед на предметите по области, опис на предметите по области, нерешени предмети од претходната година, примени предмети во 2023 година, вкупно предмети во работа во 2023 година, решени предмети во 2023година и соодносот на намалувањето односно зголемувањето на незавршени предмети на 31.12.2022 година во однос на нерешени предмети на 31.12.2023 година.

## ДВИЖЕЊЕ НА ОБЕМОТ НА РАБОТА ВО СУДОТ

На 01.01.2023 година останати предмети од претходната година во овој суд има 3358, примени нови во 2023 година има 21249 предмет, 256 се повторно заведени предмети, 5 погрешно заведени предмети или вкупно во работа биле 24858, од кои решени се 21815 предмети или 87,75%, а останале нерешени 3043 предмети или 12,24%.

Од горните показатели следува, дека судот со ново примените предмети 21500 и решените 21815 предмети, го совладал тековниот прилив и го намалил заостатокот на предметите за 315 предмети .

## ДВИЖЕЊЕ НА ОБЕМОТ НА РАБОТА НА СУДОТ

## ОПРЕДЕЛЕНИ ДЕЈСТВИЈА ВО ПРЕДХОДНА ПОСТАПКА

Примени во 2023 година има 85 предмети или вкупно во работа во 2023 година имало 86 предмети (К-ПП), завршени се вкупно 81 предмети, или 94,18% , а останале нерешени 5 предмети или 5,81%.

## КРИВИЧНИ ПРЕДМЕТИ ПРОТИВ ПОЛНОЛЕТНИ ЛИЦА И КООА

Од 2022 година од овој вид на предмети останале нерешени 93 предмети, ново примени во извештајната 2023 година се 309 предмети и 16 повторно заведени предмети или вкупно во работа биле 418 предмети од нив се решени 358 предмети, или 85,64 %, а останале за решавање уште 60 предмети против полнолетни лица или 14,35%.

Споредбено со претходната година кога имало во работа 445 кривични предмети за полнолетни лица, во извештајната година тој број е намален за 27 предмети.

## КРИВИЧНИ ПРЕДМЕТИ ПРОТИВ МАЛОЛЕТНИ ЛИЦА

Од 2022 година од овој вид на предмети останале нерешени 7 предмети, ново примени во извештајната година се 9 предмети или вкупно во работа биле 16 предмети од нив се решени 11 предмети, или 68,75 %, а останале за решавање уште 5 предмети против малолетни лица или 31,25%.

## РАЗНИ КРИВИЧНИ ПРЕДМЕТИ

Во извештајната година овој суд постапувал и по разни кривични предмети во кој спаѓаат: кривичните замолници, во работа бил 1 предмет и истит е решени, разни истражни дејствија и кривични предмети по уписник „КР„ одлуки на кривичен совет „КС„ условен отпуст, помилување, вонредно ублажување на казна, вонредно преиспитување на правосилна пресуда и повторување на кривичната постапка, во извештајната година од овој вид на предмети- одлуки на кривичен совет „КС, вкупно во работа биле 418 предмети од кој решени се 415 предмети, или 99,28%, а останале за решавање уште 3 предмети или 0,71%.

## ПРЕКРШОЧНИ ПРЕДМЕТИ

На 01.01.2023 година останале нерешени имало 459 предмети. Ново примени во работа во извештајната година се 2423 предмети и 24 повторно заведени предмети или вкупно во работа биле 2906 прекршочни предмети.

Во текот на годината се решени 2643 предмети или 90,94%, предмети, а останале за решавање уште 263 предмети или 9,05%.

Споредбено со претходната година кога имало во работа 3113 прекршочни предмети, во извештајната година тој број е намален за 407 предмети.

## ИЗВРШУВАЊЕ НА САНКЦИИ

На 01.01.2023 година останати незавршени предмети биле 105, ново примени во текот на извештајната година има 4506 предмети, 3 се погрешно заведени предмети или вкупно во работа биле 4608 предмети, од кои решени се 4533 предмети,или 98,37%, а останати се за решавање 75 предмети или 1,62%.

На ниво на кривичен оддел може да се констатира дека во претходната година останале нерешени 678 предмети, ново примени предмети во кривичен оддел се 7728 предмети, повторно заведени предмети се 50, 4 се погрешно заведени предмети или вкупно во работа во извештајната година биле 8452 предмети, од кои решение се 8041 предмети, или 95,13%, а останале нерешени 411 предмети, или 4,86%.

## ГРАЃАНСКА ОБЛАСТ

На 01.01.2023 година останале нерешени 2163 предмети, (спорови од мала вредност, имотни спорови-основна надлежност, семејни спорови, работни спорови, платни налози по приговор, физички делби, останати ВПП предмети, О1 предмети, приговори против налог за извршување,трговски спорови, стечајни предмети и ликвидација), примени во извештајната година се 1964 предмети, повторно заведени предмети се 205, 1 погрешно заведен, или вкупно во работа биле 4331предмети, од кои решени се 2128 предмети, или 49,13 % а останале за решавање уште 2203 предмети, или 50,86%.

Може да се констатира дека во овој оддел има намалување на приливот на предметите од предходната година.

## ВОНПРОЦЕСНИ ПРЕДМЕТИ

На 01.01.2023 година останале 516 предмети (разни вонпарнични предмети, ЗАВ Х апостили, ЗАВ, Замолници, оставини решени од нотар,) а примени во извештајната година се 4340 и 1 повторно заведен предмет или вкупно во работа биле 4857 предмети, од кои решени се 4428 предмети, или 91,16 %, (1189 разни вонпарнични предмети, 25 издадени дозволи, 24561 ЗАВ-Х апостили, 2 заверки, 10 замолници, 638 оставински предмети), а останале за решавање уште 429 предмети или 8,83 %.

## АДМИНИСТРАТИВНА РАБОТА НА СУДОТ

Во текот на на извештајната 2023 година, биле во работа вкупно 939 предмети(предмети од СУ.СУ ДОВ.СТ.ДОВ., изземање на судија, слободен пристап до информации,преставки и поплаки) и сите се решени предмети. Согласно законските овластувања и одредбите од Судскиот деловник по истите постапува Претседателот на судот .

| Судска Управа | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Вид на предмет од уписник | Нерешени предмети на почетокот на годината | Новопримени предмети | Погрешно заведени | Вкупно предмети во работа | Решени предмети | Останати нерешени предмети |
| Су - Су-07 | | 803 | | 803 | 803 | |
| Су-ДОВ и СУ-СТРДОВ | | 2 | | 2 | 2 | |
| СУ-ИЗЗ | 1 | 98 | | 99 | 99 | |
| УПП | | 18 | | 18 | 18 | |
| СПИ | | 17 | | 17 | 17 | |
| Вкупно | 1 | 938 | | 939 | 939 | |

## АЖУРНОСТ НА СУДОТ

Совладувањето на приливот на предметите, времето на решавање на предметите, бројот на старите нерешени предмети и месечниот заостаток на предметите ја чини ажурноста на судот.

Според критериумот совладување на приливот на предметите судот се смета за ажурен ако го совлада приливот на предметите во текот на годината. Од прегледот може да се заклучи дека од приливот во текот на годината во Основниот суд Кичево и тоа 21500 предмети, решени се 21815 предмети или 101,46 %, што значи дека во извештајната година овој суд работел ажурно и го совладал приливот.

## КВАЛИТЕТ НА РАБОТА НА СУДОТ

## КРИВИЧНИ ПРЕДМЕТИ ПРОТИВ ПОЛНОЛЕТНИ ЛИЦА И КООА

Од вкупно решените 358 предмети, се обжалени 59 одлуки, или 16,48% а, вратени предмети од второстепениот суд се 70 предмети, од кои,потврдени се 54 предмет или 77,14%, укинати 9 предмети или 12,85%, и преправени 7 предмети или 10 %.

Соодносот на укинатите и преиначените предмети во однос на решените во овој оддел, е следен: од вкупно решените 358 предмети укинати се 9 предмети или 2,51%, а преиначени се 7 предмети или 1,95%.

## КРИВИЧНИ ПРЕДМЕТИ ПРОТИВ МАЛОЛЕТНИ ЛИЦА

Од вкупно решените 11 предмети, нема обжалени одлуки а, вратени предмети од второстепениот суд има 4 предмети и истите се потврдени.

## КС ПРЕДМЕТИ

Од вкупно решените 415 предмети, обжалени се 25 одлуки, или 6,02% а, вратени предмети од второстепениот суд се 28, од кои потврдени се 22 или 78,57%, 1 преиначен или 3,57%, 4 укинати или 14,28% и 1 со одлука отфрлен или 3,57%.

## ПРЕКРШОЧНИ ПРЕДМЕТИ

Од вкупно решените 2643 прекршочни предмети обжалени се 81 или 3,06 %, а вратени од второстепениот суд се 71 предмет од кои , потврдени се 49 предмети, или 69,01%, укинати 15 предмети или 21,12%, преиначени 6 предмети или 8,45% и 1 со одлука отфрлена или 1,40%.

Соодносот на укинатите и преиначените предмети во однос на решените во овој оддел е следен: од вкупно решените 2643 предмети укинати се 15 предмети или 0,56%, а преиначени се 6 предмети или 0,22%.

| Квалитет на предмети на ниво на оддел-кривичен | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Решени предмети | Потврдени | | Укинати | | Преиначени | |
| Број | Број | % | Број | % | Број | % |
| 3508 | 129 | 3,67 | 28 | 0,79 | 14 | 0,39 |

## ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ

## ПРОЦЕСНИ ПРЕДМЕТИ

Од вкупно решените 1555 предмети (спор од мала вредност, имотни спорови, облигациони спорови, работни и семејни спорови, приговор против платен налог, повторување на постапка,трговски спор приговор против налог за извршување,стечај) обжалени се 653 предмети, а вратени од второстепениот суд се 629 предмети или 40,45%, од кои , потврдени се 472 предмети, или 75,03 %, укинати 91 предмети или 14,46%, 1 предмет е преиначен или 0,15%, делумно укинати 32 предмети или 5,08%.

Соодносот на укинатите и преиначените предмети во однос на решените во овој оддел е следен: од вкупно решените 1555 предмети укинати се 91 предмети или 5,85% а преиначен е 1 предмет или 0,06%.

## ВОНПРОЦЕСНИ ПРЕДМЕТИ

Од вкупно решените 573 предмети (физички делби , ВПП предмети оставина по приговор), обжалени се 31 предмети, а вратени од второстепениот суд се 21 предмети, од кои потврдени се 9 предмети или 42,85%, 1 приначен или 4,76% предмети, 9 предмети се укинати или 42,85%, 1 делумно укинат или 4,76% и 1 со одлука отфрлена или 4,76%.

Соодносот на укинатите и преиначените предмети во однос на решените во овој оддел е следен: од вкупно решените 573 предмети, укинати се 9 предмети или 1,57%, и 1 преиначен или 0,17%.

| Квалитет на предмети на ниво на оддел-граѓански | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Решени предмети | Потврдени | | Укинати | | Преиначени | |
| Број | Број | % | Број | % | Број | % |
| 2128 | 481 | 22,60 | 100 | 4,69 | 2 | 0,09 |

| Квалитет на предмети на ниво на суд | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Решени предмети | Потврдени | | Укинати | | Преиначени | |
| Број | Број | % | Број | % | Број | % |
| 5636 | 610 | 10,82 | 128 | 2,27 | 16 | 0,28 |

## ОСТАВИНСКИ ПРЕДМЕТИ

Вкупно во работа биле 1053 предмети од кои 638 предмети се решени од страна на поверениците на судот – Нотарите.

## СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ

Во однос на старите предмети, во Основниот суд Кичево, на крајот од 2022 година, останале нерешени вкупно се 316 предмети, од кои: 45 имотни предмети, 47 предмети од мала вредност, 22 вонпарнични, 16 физичка делба, 3 КУИКП, 64 работни спорови, 21 облигациони, 5 приговор против платен налог, 2 трговски спорови и 90 оставини, што укажува дека има зголемување на бројот на нерешени стари предмети. На почеток на 2023 год. останати старите предмети од предходната година имало 226 (без оставини), новопримени се 268, вкупно во работа биле 494 предмети од кои се решени 148 а останале за решавање 346 предмет.

## ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

По однос на човечките ресурси односно административниот персонал вкупно вработени во извештајната година се 54 вклучувајќи ја судската полиција како и вработените согласно Закон за работни однос, или вкупно 45 административен персонал и 7 судии, а од месец ноември 2022г. со 8 судии од кои еден делегиран судија.

Напоменуваме дека голем број на административниот персонал е во поодминати години, а постојано имаше лица кои беа на боледување. Има недостатокот од судски административен персонал дактилографи иако согласно систематизација ни се предвидени 15 работни места, а пополнети се 4, повеќе пати баравме до Стручната служба при Судскиот буџетски совет да ни одобрат вработување на ваков кадар,тоа нешто не се случи. Во извештајната година нема реализирано нова вработувања иако беше одобрено едно ново вработување.

Согласно систематизацијата за работни места предвидени се 36 работни места за судски службеници со 132 извршители за тие работни места, вклучувајки ги тука судската полиција и вработените согласно законот за работни односи, па сметаме дека во текот на 2024 година ќе треба да се пополнат поголем дел од нив, бидејќи овој суд работи со проширена надлежност

Треба да се има во предвид дека поголем дел од предвидените работни места не се потполнети, а посебно, судски администратор, раководните места, стручните работни места - советник, виш соработник, стручен соработник, а од административните не се пополнети работни места, дактилографи, архивар, самостојни судски референти, судски референти извршители и други административно технички службеници за да може нормално и секојдневно да функционира судот.

Во извештајната година од предвидените 2 работни места судски советник пополнето е само едно, од предвидените три работни места виш судски соработник се пополнија две при крајот на годината со унапредување, од предвидените 14 извршители за работни места стручни соработници пополнети се 6 од кои двете работни места се пополнија кон крајот на годината со унапредување, а од предвидените 14 работни места помлад судски соработник пополнети се само 5. Стручниот кадар има придонес во работењето и е од големо значење, бидејќи истите многу придонесоа во спроведување на Акмис системот посебно во анонимизарање на одлуките, но постојниот број на судски службеници воопшто не овозможува истите ефикасно да ја помагаат работата на судијата бидејќи истите се распоредени да работат со двајца или повеќе судии.

Во извештајната година, судот ја започна годината со 7 судии вклучувајќи го и Претседателот на судот и еден делегиран судија, до м.јули двајца судии заминаа во пензија па, судот работеше само со 5 судии, а од м.Ноември беа делегирани уште 4 судии, на претходно делегираниот судија му истече мандатот, па така годината ја завршивме со 8 судии (од кои 4 се делегирани за период од 1година.), носителите на судската функција ги исполнија задолжителните часови во

Академијата за обука на судии и јавни обвинители и нивни заменици. Исто така дел од судската администрација посети неколку обуки организирани од страна на Академијата.

Во канцеларијата за односи со јавноста во извештајната година, нема поднесени писмени барања за одредени прашања, но најчесто поставувани се телефонски прашања или по емаил, по однос на граѓански предмети, до каде е постапката или дали предметот се вратил од по жалба и на истите е одговарано телефонски или по емаил.

По законот за слободен пристап на информации од јавен карактер во извештајната година примени се 17 барања на истите е одговорено, се прави записник и до подносителот се доставува известие за бараната информација.

На ВЕБ страната на судот во текот на годината објавени-анонимизирани се 341 одлуки, недоволниот број на стручен кадар е причина за анонимизирање на мал број на одлуки.

Исто така во текот на годината беа објавени соопштенија за јавноста, соопштение за отворен ден во судот по повод денот на Европскиот ден на правдата.

## ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА

По однос на информатичката опрема треба да се напомене дека дека во 2023 година немаше набавено нова компјутерската опрема, освен групна набавка на сервер, судот работеше со опремата од 2020г. кога се подобри ситуацијата бидејќи во 2020г. беа набавени нови 9 персонални компутери и 1 лаптоп .

Во судот активно работи АКМИС и АБМС апликацијата која редовно се ажурира и континуирано се врши обука за измените и новините кои се воведуваат.

Во функција е модулот за скенирање на поднесоци до судот и прикачување на истите кон досието на предметот.

Активна е и WEB страната на судот на која редовно се објавуваат анонимизирани одлуки, дневен распоред за судење, како и други соопштенија, извештаи .

По однос на просторните услови за работа на овој суд ,треба да се спомене дека има потреба од воведување шалтерски систем кое барање беше доставено до Судски буџетски совет, веќе неколку години наназад, од друга страна има потреба од менување на канцелариските мебел во сите простории, бидејќи истиот е застарен и оштетен. Пет простории од судската зграда користеа ОЈО Кичево, па доколку се изнајде решение за ослободување останатите простории кои ги користи ОЈО Кичево, состојбата значително би се подобрила.

## ЈАВНИ НАБАВКИ

Во тековната година беа спроведени сопствени набавки и тоа:

- Набавка на електрична енергија, избран добавувач ДПУ „ЕНЕРЏИ АКТИВЕ„ увоз извоз ДООЕЛ Скопје, вредност на набавката 1.770.000,00 ден. со ДДВ.

- Набавка на тонери, избрани добавувачи ТД „БИРОТЕХНИКА-МА„ ДООЕЛ СКОПЈЕ, и ТДТУ „ОКСА СОЛУШНС ДООЕЛ„ СКОПЈЕ, вредност на набавката 86.671,00 ден.со ДДВ.

- Набавка на канцелариски материјали, избран добавувач ДПТУ „ГРАФОТЕКС„ ДОО Скопје, вредност на набавката 53.810,00 ден.со ДДВ.

- Набавка на гориво за затоплување, избран добавувач ДППУ „Пуцко Петрол“ с.Пласница, општина Пласница, вредност на набавката 1.529.988,00 ден. со ДДВ.

- Набавка на печатени материјали, избран добавувач ДУПТ „АСТИГ ТРЕЈД ДООЕЛ„ увоз-извоз Битола, вредност на набавката 111.746,00 ден. со ДДВ.

- Набавка на дизел гориво за потребите на службените возила за судот, избран добавувач ДППУ „Пуцко Петрол“ с.Пласница, општина Пласница, вредност на набавката 70.800,00 ден. со ДДВ.

## ФИНАНСИРАЊЕ НА СУДОТ

Во текот на извештајниот период Основниот суд во Кичево обезбедуваше средства за своето работење од страна на Буџетот на Република Македонија. Овде треба да се напомене дека по однос на материјално финансиското работење, почетното салдо на неизмирени обврски пренесени од 2022 година изнесуваше 3.166.950,00ден (од кои 3.101.659,00 ден.се обврски од плата, а останатиот дел на износ од 65.291,00 ден. се однесуваат на неизмирени обврски од фактури и решенија), а 20223 год. ја завршивме со неизмирени обврски од 4.393.063,00ден (од кои 4.091.422,00 ден. се обврски од плата, а останатиот дел на износ од 301.641,00 ден. се однесуваат на неизмирени обврски од фактури, и решенија за адвокати и поротници).

Споредбено со 2022 година, во 2023 година салдото на неизмирените обврски е зголемено во однос на неисплатените фактури и решенија за адвокати и поротници.

Во тековната година извршена е реализација во вкупен износ од 47.617.708,00ден.

## ОЦЕНКА ЗА РАБОТА НА СУДОТ

Анализирајќи ја целокупната работа на судот за 2023 година може да се констатира дека со сестраното ангажирање на судиите и судските службеници, како и судската адиминистрација во целина, Основен суд Кичево во 2023 го совлада вкупниот годишен прилив на нови предмети, и го намали заостатокот на предметите, судиите работеа ефикасно и ажурно и ја надминаа предвидената ориентациона норма.

ПРИЛОГ: Табели

Претседател на судот,
Fluturije Dervishi

## ПРЕГЛЕД НА ДВИЖЕЊЕТО НА ПРЕДМЕТИ ВО СУДОТ КОИ СЕ ОПФАТЕНИ СО ОРИЕНТАЦИОНА НОРМА ЗА 2023 ГОДИНА

| ОСНОВЕН СУД -КИЧЕВО | | Нерешени предмети | Новопримени | Повторно заведени | Погрешно заведени | Вкупно предмети | Вкупно решени | Нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| КРИВИЧЕН ОДДЕЛ | Кривично полнолетни (К) | 88 | 283 | 16 | | 387 | 327 | 60 |
| | Кривично малолетни (К) | 7 | 9 | | | 16 | 11 | 5 |
| | Истраги-основна надлежност (КИ)КООА | 5 | 26 | | | 31 | 31 | 0 |
| | КПП | 1 | 83 | 2 | | 86 | 81 | 5 |
| | Прекршоци (ПРК-С, ПРК-Ј, ПРК-О, ПРК-М) | 459 | 2423 | 24 | | 2906 | 2643 | 263 |
| | Повторување на постапката (КПОВ) | | | | | 0 | | 0 |
| | Петорка | | | | | 0 | | 0 |
| | Кривичен совет ( КС, КУК, КП, КСП, КС-КР, КСМ, | 13 | 398 | 8 | 1 | 418 | 415 | 3 |
| | Извршување на санкции (ИПРК, КУИКП, КУИКМ, ИКС, НУИ-ПКпо стар уписник, ИКП, ПК | 105 | 4506 | | 3 | 4608 | 4533 | 75 |
| ВКУПНО КРИВИЧЕН ОДДЕЛ | | 678 | 7728 | 50 | 4 | 8452 | 8041 | 411 |
| ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ | Спорови од мала вреднсот (МАЛ-ВП; МАЛ | 404 | 498 | 57 | | 959 | 452 | 507 |
| | Спорови од областа на сопственоста, облигациите и наследувањето (П; П1; П3; П4) | 244 | 152 | 39 | | 435 | 154 | 281 |
| | Семејни спорови (П2) | 71 | 136 | 3 | | 210 | 140 | 70 |
| | Работни спорови (РО) | 1162 | 346 | 81 | | 1589 | 636 | 953 |
| | Трговски спорови (ТС) | 5 | 2 | 1 | | 8 | 3 | 5 |
| | Платни налози по приговор (ПЛ1-П; Л1-ТС) | 73 | 77 | 3 | | 153 | 57 | 96 |
| | Оставински предмети решени од судот (О1) | | 1 | | | 1 | 1 | 0 |
| | Физичка делба (ВПП1) | 44 | 33 | 5 | | 82 | 10 | 72 |
| | Останати ВПП (ВПП; ПСО; ОДС; Р) | 135 | 618 | 16 | | 769 | 562 | 207 |
| | Стечај (СТ; СТС) | 13 | 21 | | | 34 | 29 | 5 |
| | Ликвидации (Л) | 3 | | | | 3 | 2 | 1 |
| | Приговори (ППНИ) | 9 | 80 | | 1 | 88 | 82 | 6 |
| | Мерки за обезбедување (ВПП2-С; ВПП-2Г; СОП; ВПП2) | | | | | 0 | | |
| | Повторување на постапката (ПЛПОВ-П, ПЛПОВ-С, ППОВ, ППОВ-1, ПОВ-ТС, РО-ПОВ, РО-ПОВ1, ПЛ-ПОВ1, МВ-ПОВ, МВТС- | | | | | 0 | | 0 |
| ВКУПНО ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ | | 2163 | 1964 | 205 | 1 | 4331 | 2128 | 2203 |
| СЕ ВКУПНО | | 2841 | 9692 | 255 | 5 | 12783 | 10169 | 2614 |

Претседател на судот
Fluturije Dervishi

# ПРЕГЛЕД НА ДВИЖЕЊЕТО НА ПРЕДМЕТИ ВО СУДОТ КОИ НЕ СЕ ОПФАТЕНИ СО ОРИЕНТАЦИОНА НОРМА ЗА 2023 ГОДИНА

| | ОСНОВЕН СУД КИЧЕВО | Нерешени предмети на почеток на месецот | Новопримени предмети | Повторно заведени предмети | Погрешно заведени | Вкупно предмети во работа | Вкупно решени предмети | Нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| КРИВИЧЕН ОДДЕЛ | Разни кривични дејствија (УОСК, КР, ЕК) | | 6278 | | | 6278 | 6278 | 0 |
| | Замолници (ЗАМ-К) | | 1 | | | 1 | 1 | 0 |
| | Задолжително лекување (ЗЛ) | | | | | 0 | | 0 |
| | ИОИП (ДЗИК по стар) | | | | | 0 | | 0 |
| **ВКУПНО КРИВИЧЕН ОДДЕЛ** | | 0 | 6279 | 0 | 0 | 6279 | 6279 | 0 |
| ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ | Разни парнични (РП) | | | | | 0 | | 0 |
| | Разни трговски предмети (РТС) | | | | | 0 | | 0 |
| | Разни предмети од работни спорови (РРО) | | | | | 0 | | 0 |
| | Разни предмети од платни налози (РПЛ) | | | | | 0 | | 0 |
| | Предмети вратени од нотар за надлежност (ОНАД) | | | | | 0 | | 0 |
| | Разни вонпарнични предмети (РВПП) | 1 | 1191 | | | 1192 | 1189 | 3 |
| | Заверки на договори надвор од суд (ЗАВ1) | | | | | 0 | | 0 |
| | Признавање на странски судски одлуки по приговор (ПСО1) | | | | | 0 | | 0 |
| | Уписник за правна помош (ПОМ) | | | | | 0 | | 0 |
| | Уписник за заштита поради незаконити дејствија (ЗНД) | | | | | 0 | | 0 |
| | Регистрација на политички партии (РПП) | | | | | 0 | | 0 |
| | Регистрација на верски заедници (РВЗРГ) | | | | | 0 | | 0 |
| | Уписник за изрекување парични казни на должник (ИПКД, ИПКС) | | | | | 0 | | 0 |
| | Уписник за изрекување парични казни до УЈП (ИПК) | 1 | 3 | | | 4 | 3 | 1 |
| | Издадени дозволи за дејствија во стан на должник(ИДС) | | 25 | | | 25 | 25 | 0 |
| | Одземање на дете по закон за семејство (УИОД | | | | | 0 | | 0 |
| | Заверки (ЗАВ) | 1 | 2 | | | 3 | 2 | 1 |
| | Извршување по закон за семејство (ИЗС) | | | | | 0 | | 0 |
| | Противизвршување (ПИ, ППИ) | | | | | 0 | | 0 |
| | Платни налози без приговор (ПЛ, ПЛ-ТС) | | | | | 0 | | 0 |
| | Жалби против решенија од нотар (ПЛЖ) | | 1 | | | 1 | | 1 |
| | Разни граѓански предмети (Р) | | | | | 0 | | 0 |
| | Замолници од државни органи (ЗАМ-С) | 3 | 15 | | | 18 | 10 | 8 |
| | ЗАВ-Х Апостиле | | 2561 | | | 2561 | 2561 | 0 |
| | Заверки за недвижности во судот (ЗАВ НД) | | | | | 0 | | 0 |
| | Оставина решена од нотар (О) | 510 | 542 | 1 | | 1053 | 638 | 415 |
| **ВКУПНО ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ** | | 516 | 4340 | 1 | 0 | 4857 | 4428 | 429 |
| СУДСКА УПРАВА | СУ (СУ; СУ-1; СУ-2; СУ-3; СУ-4; СУ-5; СУ-6; СУ-7) | | 820 | | | 820 | 820 | 0 |
| | ИЗЗ | 1 | 98 | | | 99 | 99 | 0 |
| | СУ-ДОВ; СУ-СТР ДОВ | | 2 | | | 2 | 2 | 0 |
| | УПП | | 18 | | | 18 | 18 | 0 |
| **ВКУПНО СУДСКА УПРАВА** | | 1 | 938 | 0 | 0 | 939 | 939 | 0 |
| **СЕ ВКУПНО** | | 517 | 11557 | 1 | 0 | 12075 | 11646 | 429 |

**Претседател на судот**
**Fluturije Dervishi**